# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ДОЛНЕНИ

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ДОЛНЕНИ ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 30.08. 2012 ГОДИНА БРОЈ 08 - 2012 ГОДИНА ДОЛНЕНИ | Жиро-ска 300020000212077 Д.Б.6021067000004 Тел: 048/453-210 |
|---|---|---|

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/02) и член 62 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Долнени (“Службен гласник на општина Долнени”бр.8/05) Градоначалникот на Општина Долнени го донесе следниот:**

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување Одлука за изработка на урбанистички план за село, дел од Блок,,19,, во н.м Лажани-општина Долнени.**

1. **Се прогласува Одлука за изработка на урбанистички план за село, дел од Блок,,19,, во н.м Лажани-општина Долнени. бр. 07-1152/2 донесена од советот на Општина Долнени на ден 30.08.2012 год.**
2. **Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на Општина Долнени.**

**Бр.08-1176/1 Градоначалник**
**06.09.2012 год. Абдула Бајрамоски с.р**
**Долнени.**

---

Врз основа на член 7 став 2, член 12 и член 26 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (``Сл.весник на РМ`` бр.60/11) и член 28 став 1 точка 7 од Статутот на општина Долнени (``Сл.гласник на општина Долнени`` бр.8/05), Советот на општина Долнени на седницата одржана на ден 30.08.2012 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за изработка на Урбанистички план за село, дел од Блок``19``во н.м.Лажани - општина Долнени**

**Член 1**

Оваа Одлука ќе претставува дополнување на Годишната Програма за изработка на урбанистичко-планска документација на општина Долнени за 2012 г.

**Член 2**

Изработката на УПС за дел од Блок``19``во н.м.Лажани се прави по

барање бр.03-1014/1 од 08.08.2012 година, поднесено од правното лице``АНГО``ДООЕЛ од Скопје, сопственик на објекти на КП бр.1865 КО Лажани.

**Член 3**

Делот од Блок``19``за кој се бара изработка на УПС се наоѓа во југозападниот дел на н.м.Лажани, на агол на две улици``К2`, во непосредна близина на централната џамија во н.м.Лажани.

Точната површина и граници на опфатот за дел од Блок``19`` дополнително ќе се утврдат по изработка на геодетскиот елаборат-ажурирана геодетска подлога, потребен за изработка на Нацртот на планот, а согласно со Општиот акт за н.м.Лажани-општина Долнени.

**Член 4**

Изработката на УПС за дел од Блок``19``во н.м.Лажани е во согласност со Одлуката за усогласување на намена на површини за градење во н.м.Лажани, бр.07-622/2 донесена од Советот на општина Долнени на ден 30.04.2012г.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на општина Долнени.

**Претседател на Советот**
**на општина Долнени**
**Севгани Османоски**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Долнени ("Службен гласник на општина Долнени"бр.8/05) Градоначалникот на Општина Долнени го донесе следниот:**

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување Одлука за изработка на урбанистички план за село, Блок,,50,, во н.м Црнилиште-општина Долнени.**

1. **Се прогласува Одлука за изработка на урбанистички план за село, Блок,,19,, во н.м Црнилиште-општина Долнени. бр. 07-1152/3 донесена од советот на Општина Долнени на ден 30.08.2012 год.**
2. **Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на Општина Долнени.**

**Бр.08-1176/2 Градоначалник**
**06.09.2012 год. Абдула Бајрамоски с.р**
**Долнени.**

---

Врз основа на член 7 став 2, член 12 и член 26 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (``Сл.весник на РМ`` бр.60/11) и член 28 став 1 точка 7 од Статутот на општина Долнени (``Сл.гласник на општина Долнени`` бр.8/05), Советот на општина Долнени на седницата одржана на ден 30.08.2012 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за изработка на Урбанистички план за село, Блок``50``во н.м.Црнилиште - општина Долнени**

**Член 1**

Оваа Одлука ќе претставува дополнување на Годишната Програма за изработка на урбанистичко-планска документација на општина Долнени за 2012 г.

**Член 2**

Изработката на УПС за Блок``50``во н.м.Црнилиште се прави по барање бр.03-1133/1 од 29.08.2012 година, поднесено од правното лице``Тутунски комбинат``АД Прилеп, сопственик на објект на КП бр.2605 КО Црнилиште.

**Член 3**

Блок``50``за кој се бара изработка на УПС се наоѓа во јужниот дел на н.м.Црнилиште, на самиот влез од населеното место, западно од регионалниот патен правец Р-514.

Точната површина и граници на опфатот за Блок``50`` дополнително ќе се утврдат по изработка на геодетскиот елаборат-ажурирана геодетска подлога, потребен за изработка на Нацртот на планот, а согласно со УДНМ за н.м.Црнилиште-општина Долнени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на општина Долнени.

**Претседател на Советот**
**на општина Долнени**
**Севгани Османоски**

---

**С О Д Р Ж И Н А:**

1. Заклучок за прогласување Одлука за изработка на урбанистички план за село, дел од Блок,,19,, во н.м Лажани- општина Долнени.
2. Одлука за изработка на урбанистички план за село, дел од Блок,,19,, во н.м Лажани-општина Долнени.
3. Заклучок за прогласување Одлука за изработка на урбанистчки план за село, блок,,50,, во н.м Црнилиште-општина Долнени.
4. Одлука за изработка на урбанистчки план за село, блок,,50,, во н.м Црнилиште-општина Долнени.

**Печати Општина Долнени - Тираж 25 примероци.**
**Издава на служба на Општина Долнени.**
**Главен и одговерен уредник: Абдула Бајрамоски.**
**Изготвил: Исмет Ќамили.**